


# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**11-17 јули 2024 Билтен бр. 567**

# ОПШТИНА КАРПОШ ГИ НАГРАДИ ПРВЕНЦИТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈА

Согласно планираната Програма на Одделението за образование на Општина Карпош, локалната самоуправа и годинава традиционално ги награди најдобрите основци – првенци на генерација за учебната 2023 – 2024 година. По тој повод, градоначалникот Стевчо Јакимовски во својот кабинет денеска им ги врачи решенијата за еднократна финансиска поддршка во висина од 10.000 денари, поединечно на 10 првенци на генерација, од сите 10 основни училишта кои се наоѓаат на територија на локалната самоуправа. Исто така, тие добија и пофалници за постигнатиот успех.

-Овие првенци на генерација се најчесто и наши стипендисти. Општина Карпош обезбеди седумдневен одмор во соседна Грција, како подарок за постигнатиот успех на учениците и најдобрите спортисти на спортските училишни лиги. Оваа награда која е скромна финансиска поддршка е се со цел да почуствуваат како е да ги заработат своите први пари, односно колку е потребен труд и пред се желба кон тоа што целат – рече Јакимовски.

Инаку, на крајот на учебната година, секое општинско основно училиште во Карпош избира по еден првенец на генерација, кој е во согласност со пропишаниот Правилник и критериумите за избор на првенец на генерација. Со оваа иницијатива Општината сака ги поддржи, мотивира и да го поттикне напредокот на своите основци во рамки на воспитно – образовниот процес. Во таа насока, локалната самоуправа обезбедува и стипендии за талентирани ученици, како и за талентирани спортисти кои имаат постигнато исклучителни резултати во својата област. Како секоја година, така и оваа, првенците на генрација заедно со најдобрите спортисти ученици, беа дел од еднонеделниот летен камп ,,Каливас", во соседна Грција.



# ОПШТИНА КАРПОШ ЈА ПРОМОВИРАШЕ УСЛУГАТА ЗА ПОСЕБЕН ПРЕВОЗ НА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Согласно Програмата на Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, Општина Карпош во соработка со Црвениот Крст на Град Скопје кон средината на месец мај годинава, започна со реализација на услугата за посебен превоз на стари, болни и лица со попреченост над 18 години. Станува збор за меѓуинституционална соработка која треба да им го олесни секојдневниот живот на оваа ранлива група на граѓани, за чија намена Општина Карпош од својот Буџет издвои парични средства во висина од 655.000 денари.**

**За таа цел, на располагање се ставени посебно опремени наменски возила во придружба со адекватен обучен кадар, кој е стручно подготвен да им помогне на изнемоштените лица. До сега во рамки на оваа активност се реализирани околу 50 превози, во кои се транспортирани лицата кои не се во можност самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална или друга административна услуга. Поточно, корисници на оваа услуга се старите и изнемоштени лица, лицата кои имаат потешкотии при самостојно движење, како и лицата кои имаат потреба од придружник, односно негувател или пак, личен асистент.**

**По тој повод, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски во својот кабинет одржа работна средба со претставници од општинската администрација и Црвениот Крст на Град Скопје, кои во оваа пригода го запознаа првиот човек на локалната самоуправа за досегашниот тек на преземените активности.**

**Општина Карпош секогаш имала разбирање за потребите на Црвениот Крст на Град Скопје и Република Македонија, за што говори и досегашната одлична соработка со оваа институција. Ми претставува особено задоволство што сме дел од овој прекрасен проект, што е од особено значење за граѓаните кои се наоѓаат во тешка здравствена состојба како и за лицата со попреченост. Со планираниот ребаланс на општинскиот буџет ќе овозможиме дополнителни финансиски средства за поддршка на овој заеднички проект и веќе наредната година ќе се потрудиме дневно да обезбедиме четири до шест транспортирања на жители од Општина Карпош што би ги задоволиле потребите, првенствено на старите тешко повредените и болните лица. Локалната самоуправа и понатаму ќе ја поддржува оваа услуга за која лично сметам дека е одлична иницијатива и добар пример за една успешна меѓуинституционална соработка – посочи Јакимовски.**

# АКТИТЕ КОИ ГИ НОСИ СЕКТОРОТ ИНСПЕКТОРАТ ЌЕ БИДАТ ДОСТАПНИ ЗА ЈАВНОСТА НА НЕДЕЛНО НИВО

**Заради поголема транспарентност и отчетност кон јавноста, Општина Карпош на својата официјална веб страница ќе ги објавува актите кои на неделно ниво произлегле, односно ги донел Секторот Инспекторат кој функционира во рамки на локалната самоуправа од Карпош. За таа намена, сите донесени акти од гореспоменатиот Сектор ќе бидат достапни и групирани на неделно ниво, во рамки на банерот кој носи наслов: „Сектор Инспекторат донесени акти на неделно ниво“.**

**Според Законот за инспекциски надзор член 85 треба да се објават Инспекциските акти на неделно ниво во Општина Карпош**

**Инспекциските акти период 20.01.- 24.01.2025**
**Инспекциски акти период 27.01-31.01.2025**
**Инспекциски акти период 03.02-07.02.2025**
**Инспекциски акти период 10.02.2025 – 14.02.2025**

# ОПШТИНАТА ГИ ИСПЛАЌА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА КАРПОШАНИ ПРЕДВИДЕНИ ЗА СУБВЕНЦИИ ЗА ПРОМЕНА НА

**Седумчлена комисија од Општина Карпош која е задолжена за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка за поправка и санација на покриви на станбени згради и замена на азбестни покриви на куќи, деновиве се состана и ги разгледуваше пристигнатите предмети од граѓаните кои аплицирале за добивање на субвенции за оваа намена. Исто така, членовите на комисијата за спроведување на постапката за доделување на финансиски средства за поправка и санација на постоечки и поставување на нови лифтови во станбените згради, ги разгледуваше пристигнатите предмети од карпошани.**

**Во таа насока, откако беше утврдено дека документацијата на граѓаните кои аплицирале за субвенции е уредна и целосна, Општина Карпош им исплати парични средства на карпошани во висина од 1.326.199 денари, за промена на азбестните покриви на шест индивидуални куќи, како и кровни покривачи на две станбени згради.**

**Според динамиката на работење на комисијата, во постапка на разгледување се уште осум предмети на потенцијалните корисници на субвенции, за кои се предвидени 1.291.214 денари.**

**По поднесување на финансискиот извештај за субвенции на лифтови од страна на надлежната комисија, Општина Карпош ќе им исплати на граѓаните кои аплицирале на овој јавен повик, парични средства во висина од 477.605 денари за санација на два лифта во колективни згради кои се наоѓаат на ул. „Јуриј Гагарин„ и ул. „Вич“.**

**Комисијата е во постапка на разгледување на уште девет предмети кои се однесуваат на санација на седум постоечки лифтови, како и набавка на два нови лифта, за што локалната самоуправа предвидува парични средства во висина од 3.175.908 денари.**





# КООРДИНАТИВНА СРЕДБА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НИВОТО НА ХИГИЕНА ВО КАРПОШ

**Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, вчера одржа координативен состанок со претставниците од Одделението за месна самоуправа и вработените коишто се задолжени за одржување на јавната хигиена на територија на локалната самоуправа. Во рамки на работната средба се разви дебата за состојбата со чистотата во сите 14 урбани заедници, при што беше констатирано дека е потребно да бидат преземени дополнителни мерки за подигнување на нивото на хигиена во Карпош.**

**Оттука, првиот човек на општината даде неколку конкретни насоки за поефикасен распоред на хигиеничарите на теренот, но исто така ги задолжи вработените лица во урабаните заедници да бидат одговорни за одржување на хигиена во рамки на својата територија.**

